# ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ





Проектот ЕУ започна во 1957 година како Европска економска заедница и Европска заедница за атомска енергија со 6 членки:
Белгија, Франција, Германија, Италија, Луксембург и Холандија

по 6-те круга проширување и
напуштањето на Велика Британија на 31 јануари 2020,
ЕУ во 2020 година брои 27 земји членки

1973 година: Данска, Ирска, Велика Британија

1981 година: Грција

1986 година: Шпанија, Португалија

1995 година: Австрија, Финска, Шведска

2004 и 2007 година: Кипар, Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Бугарија, Романија

2013 година: Хрватска

6 земји кандидати (пред или во процес на преговори):
Албанија, Северна Македонија, Исланд,
Црна Гора, Србија, Турција

2 потенцијални кандидати:
Босна и Херцеговина, Косово

Ева Јованова

септември 2020 година

# ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ



Земјата потенцијален кандидат
ја доставува
својата апликација
до земјата што претседава со Советот на ЕУ.
(22 март 2004 година во Даблин – за Северна Македонија)

Европската комисија
прави проценка на земјата
потенцијален кандидат и го доставува
своето мислење до Советот на ЕУ.
(9 ноември 2005 година – за Северна Македонија)

Земјите членки на ЕУ одлучуваат
едногласно за доделување
статус на кандидат на земјата. Советот
може да постави одредени услови
што треба да бидат исполнети пред
да започнат преговорите за пристапување.
(17 декември 2005 година статус на кандидат –
за Северна Македонија)

По исполнувањето на условите,
се носи одлука
за отворање на преговорите за пристап
со согласност на сите земји членки.
По што, Европската комисија
предлага рамка за преговори.

Преговорите се засноваат
на процесот скрининг,
при што Европската комисија
подетално ја
испитува состојбата во земјата кандидат
во однос на поглавјата од правото на ЕУ.
Наодите по поглавјата, Комисијата
ги презентира на земјите членки во форма
на извештај за скрининг.
Заклучокот на овој извештај е препорака на
Комисијата директно да се отворат преговори или
да се бара претходно
да се исполнат одредени услови - одредници.

Процесот на преговори има за цел
да им помогне на земјите кандидати
да се подготват да ги
исполнат обврските
од членството во ЕУ.

Откако ќе се финализираат преговорите
за сите области (поглавја),
Комисијата дава мислење
за подготвеноста на
земјата да стане членка на ЕУ.

Врз основа на ова мислење,
земјите членки на ЕУ едногласно
одлучуваат да го затворат процесот на преговори.
Европскиот парламент исто така
мора да даде согласност.

Сите земји членки на ЕУ и
земјата што пристапува
го потпишуваат и ратификуваат
Договорот за пристап според нивните
уставни правила т.е. парламентарно
гласање, референдум.
Потоа, земјата станува членка на ЕУ на
датумот наведен во Договорот за
пристап.

Ева Јованова

септември 2020 година